ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 27 – 182/2**
**Дата: 19.02.2014**

**ДО**
**ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА**
**УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ТРАУМАТОЛОГИЈА, ОРТОПЕДСКИ БОЛЕСТИ, АНЕСТЕЗИЈА, РЕАНИМАЦИЈА И ИНТЕНЗИВНО ЛЕКУВАЊЕ И УРГЕНТЕН ЦЕНТАР**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар Скопје (во натамошниот текст Универзитетска клиника) на сметката за средства од Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2012 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Универзитетската клиника за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Изразено е мислење со резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи и мислење со резерва во однос на усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2012 година.

Универзитетската клиника работи и функционира врз основа на акти за систематизација од претходниот период, пред формирање на клиниката, освен за делот на административното работење. Причина за не донесувањето на нов акт за новоформираниот правен субјект е тоа што министерот на Министерството за здравство нема донесено општ акт за внатрешната организација на јавните здравствени установи, пропишано со одредбите од Законот за здравствена заштита. Поради тоа: изготвените договори и решенијата за работниот однос со вработените и пресметката на платата е

извршена врз основа на акти кои се однесуваат на субјекти кои повеќе не постојат и нема можност да се основа единица за внатрешна ревизија.

Завршната сметка и Извештајот за работа за 2012 година, не се усвоени од Управниот одбор, што не е во согласност со одредбите од Законот за здравствена заштита, заради тоа што од месец јануари 2013 година Управниот одбор нема потребен број на именувани членови од страна на основачот.

Констатирани се неправилности во целосноста на евидентирање и спроведениот попис на средствата, побарувањата и обврските, што влијае на реално и објективно искажување на податоците и сеопфатноста на позициите во Биланс на состојба на ден 31 декември.

Управниот одбор донел Одлука за исплата на плата по учинок,  што не е во согласност со одредбите од Поединечниот колективен договор на членки на самостојниот синдикат на клинички центри и други здравствени организации во РМ склучен помеѓу Министерството за здравство и Самостојниот синдикат, според кој платата за извршената работа е определена како плата на работникот за полно работно време и нормален учинок која не може да биде пониска од најниската плата утврдена за одредени степени на сложеност.

Како значајно прашање на неизвесност ревизијата ја истакнува состојбата во која поради недостаток од персонал, Универзитетската клиника ангажира лица за вршење на здравствени услуги, одржување и сервисирање, административни работници преку авторско правна агенција. Меѓусебните односи се утврдени со Договор за дело, месечниот надоместок е утврден со Одлука на Управен одбор. До Министерството за здравство доставени се неколку барања за обезбедување на согласност за од различни профили на медицински персонал, за кои не се добиени одговори.

Исто така, како прашање на неизвесност е состојбата во која Универзитетската клиника функционира со еден директор како вршител на должност и покрај законски спроведените постапки и известувањето до Министерството за здравство за потребата од именување на директор.

Како системска слабост ревизијата истакнува дека Фондот не утврдил референтни цени за специфичниот вграден медицински материјал/остеосинтетски материјал и протезите кои ги користи Универзитетската клиника, што не е согласно одредбите од Законот за здравствено осигурување, а со измените на овој закон ваквата обврска на Фондот не е пропишана.

Од страна на одговорното лице добиени се забелешки на констатациите од точките 4.1.1, 4.2.1, 4.2.2. и 6.3. од Нацрт извештајот, при што забелешката на точката 4.1.1. не е прифатена, додека забелешките на останатите точки претставуваат дополнителни известувања и динамика на примена на препораките.

# 1. Вовед

**1.1.** Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани од страна 16 до 18 заедно со ревизија на усогласеност на Универзитетска клиника на сметката за средства од Фондот кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

**1.2.** Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

**1.3.** Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Универзитетската клиника за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

**1.4.** Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Универзитетска клиника застапувана од:

- Прим. др. Реџеп Сељмани, в.д. директор на Универзитетска клиника од 17.08.2010 год.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Универзитетска клиника се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки на добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки

кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

**2.4.** Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 03.10..2013 до 19.12.2013 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Универзитетската клиника за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Универзитетска клиника на ден 19.12. 2013 година.
Од страна на одговорното лице добиени се забелешки на констатациите од точките 4.1.1, 4.2.1, 4.2.2. и 6.3. од Нацрт извештајот, при што забелешката на точката 4.1.1. не е прифатена, додека забелешките на останатите точки претставуваат дополнителни известувања и динамика на примена на препораките.

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

**4.1.1** Внатрешната организација на јавните здравствени установи е регулирана со одредбите од член 91 од Законот за здравствена заштита, според кои работата во јавните здравствени установи се организира во внатрешни организациони единици, односно одделенија, кои претставуваат организациско - техничка целина во процесот на работата. Во зависност од видот на дејноста што ја врши здравствената установа, делокругот на работа на внатрешните организациони единици и минималниот број на извршители по внатрешни организациони единици ги пропишува министерот за

здравство. Оваа обврска согласно член 319 од наведениот закон е потребно да се спроведе во рок од една година.

Со ревизијата е констатирано дека:

➢ Универзитетската клиника работи и функционира врз основа на акти за систематизација од претходниот период, пред формирање на клиниката, и тоа:

- Акт за систематизација за Клиника за анестезија, реанимација, интензивно лекување – КАРИЛ, број 0101-259/10 од 02.04.2009 година,
- Правилник за внатрешна организација и систематизација на Клиника за трауматологија, број 02-205/2 од 09.04.2009 година,
- Акт за систематизација на работни места на Клиника за ортопедија, број 0201-242 од 26.12.2007 година,
- Правилник за организација и систематизација на работните места во Клиника за ортопедски болести, број 0201-246 од 26.12.2007 година.

За делот на Административното работење донесен е Правилник за внатрешна организација и систематизација, број 02-317/1 од 20.02.2012 година.

По основ на овие акти се изготвени договорите и решенијата за работниот однос со вработените.

Пресметката на платата е извршена врз основа на акти кои се однесуваат на субјекти кои повеќе не постојат.

Во периодот на формирање на новиот субјект во кои се вклучени четирите клиники (Клиника за анестезија, реанимација, интензивно лекување – КАРИЛ, Клиника за трауматологија, Клиника за ортопедија, Ургентен центар), биле во примена одредбите од член 113-б од Законот за здравствена заштита, според кои „Видовите и делокругот на работа на внатрешните организациони единици и минималниот број на извршители по внатрешни организациони единици ги пропишува министерот за здравство“. Во член 23 од истиот закон е предвидено под законските акти да се донесат во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на законот.

➢ Поради ваквата состојба, Универзитетската клиника функционира без можност да основа единица за внатрешна ревизија, бидејќи не била предвидена со актите за организација и систематизација на клиниките кои влегуваат во нејзиниот состав, што не е во согласност со член 29 и 30 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

➢ Врз основа на новоформираниот субјект (со Одлука на Влада на РМ број 51-4511/1 од 31.07.2010) директорот на Универзитетската клиника, а врз основа на Заклучок донесен од страна на Управниот одбор на Универзитетската клиника има доставено иницијатива до Министерството за здравство за склучување на Поединечни колективни договори, и тоа:

- Иницијатива број 0302-1002/1 од 29.11.2010,
- Иницијатива број 0302-310/3 од 18.08.2011,

- Иницијатива број 0302-1726/1 од 29.09.2011,
- Иницијатива број 03-937/1 од 14.05.2012.

Наведената состојба укажува дека Универзитетската клиника е организирана и функционира врз основа на неважечки акти за внатрешна организација, што влијае врз донесување на одлуки и склучување на договори со вработените. Исто така, не постои основ за формирање на единица за внатрешна ревизија, како извор на информации за дизајнирани и начин на функционирање на интерните контроли, за веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните активности при работењето и усогласеноста со законите и подзаконските акти.

**Препорака:**

Одговорното лице да иницира активност и да се извести министерот на Министерството за здравство да донесе акт со кој ќе се пропише делокругот на работата на внатрешните организациони единици и минималниот број на извршители по внатрешни организациони единици.

**4.1.2** Ревизијата констатирано дека Завршната сметка и Извештајот за работа за 2012 година кои се доставени до надлежните органи во законски предвидениот рок, не се усвоени од Управниот одбор, што не е во согласност со одредбите од член 100 од Законот за здравствена заштита.
Констатираната состојба е заради фактот што во текот на месец јануари 2013 година Управниот одбор е нецелосен, односно нема доволен број на избрани – именувани членови кои го даваат легитимитетот во управувањето. До денот на ревизијата од страна на основачот не се именувани членови на Управниот одбор и истиот не функционира.

Врз основа на изнесеното произлегува дека завршната сметка не е усвоена од органот на управување и не се верификувани сите финансиски и сметководствени трансакции во финансиските извештаи кои се составен дела на завршната сметка.
За наведената состојба одговорното лице има доставено неколку интервенции, односно барања до основачот со кои се истакнати последиците од ненавремено избирање на членови на Управниот одбор.

**Препорака:**
Одговорното лице да продолжи со доставување на барања до основачот за назначување на членови на Управниот одбор.

**4.1.3** Со ревизија на начинот на исплата на плати, констатирано е дека Управниот одбор донел Одлука за плаќање по учинок, што не е во согласност со член 219 од Законот здравствена заштита и Поединечниот колективен договор на членки на самостојниот синдикат на клинички центри и други здравствени организации во РМ. Имено, донесена е Одлука за воведување на систем на пресметка на плата базиран на резултатите од работењето на работникот и ефикасноста на користење на работното време и исплатена е плата по работна успешност без претходно да се изврши измена на Поединечниот колективен договор на членки на самостојниот синдикат на клинички центри и други здравствени организации во РМ склучен помеѓу Министерството за здравство и Самостојниот синдикат. Според член 6 од истиот колективен договор, платата за извршената работа е определена како плата на работникот за полно работно време и нормален учинок која не може да биде пониска од најниската плата утврдена за одредени степени на сложеност, односно со овој член не е предвиден системот на пресметка на плата и исплата на плата по успешност. На денот кога е донесена одлуката, изготвен е допис од претседателот на Управниот одбор кој е доставен до Министерството за здравство со цел да се истакне дека се постапува по одлуката на министерот за здравство, но истовремено се истакнува неоправданоста на примената на пресметка на плата базиран на резултатите.

За истакнување е дека на почетокот на 2013 година е донесен Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствена дејност на РМ, потпишан од Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита и Министерството за здравство, но Анексот не се однесува на универзитетските клиники и истиот има примена од 1 јануари 2013 година.

**Препорака:**

Управниот одбор при донесување на одлуки да ги има во предвид одредбите од Законот за здравствена заштита и Поединечниот колективен договор на членки на самостојниот синдикат на клинички центри и други здравствени организации во РМ.

## 4.2. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

**4.2.1.** Со ревизија на залихите за 2012 година, се констатира дека за приемот и испораката на лековите и медицинските материјали по организациони единици е воспоставена финансиска и материјална евиденција, додека:

- Нема воспоставено евиденција за лековите и медицинските материјали по одделенијата во рамки на организациони единици и
- нема евиденција за потрошокот на лековите и медицинските материјали по пациенти.

Наведенето не е во согласност со член 6, 7 и 19 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 11 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. На овој начин Универзитетската клиника нема целосен увид во залихите и реалниот потрошок во секое одделение, односно намалена е контролата при управување и користење на истите, што не е согласно со одредбите од член 5 и 7 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

**Препорака:**

Одговорното лице на Универзитетската клиника да преземе мерки за воспоставување на целосна евиденција на лековите и медицинските материјали на ниво на Универзитетска клиника, организациони единици и одделенија, односно нивно поединечно следење од прием до нивниот потрошок.

**4.2.2.** Со увид во актите и пописните листи од извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските за 2012 година, ревизијата го констатира следното:

- Опремата не е обележана со инвентарни броеви со што е отежнато вршењето на физичкиот попис,
- За сите 4 организациони единици и Управата изготвени се поединечни извештаи за попис на постојаните средства и залихите, потпишани од двете комисии, но кон истите не се приложени веродостојни пописни листи со сите потребни податоци пропишани со Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

- За здружените средства во пописниот елаборат не е наведено каде се вложени и за каков вид вложувања се работи, за да може ревизијата да ја потврди состојбата на оваа сметка,
- За стручната литература нема точни и детални информации за каков вид на стручна литература се работи. Во пописниот елаборат нема пописни листи за оваа стручна литература,
- За побарувањата и обврските не е извршен попис, не е утврдена старосната структура, причините за нивната состојба и за преземените мерки за навремена наплата на побарувањата.

Наведеното не е согласно со одредбите од член 2 и 21 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници и член 31 и 31 в, 32 и 35 од Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници.

Нецелосно извршениот попис и нецелосното усогласување на сметководствената со фактичката состојба, влијае на реално и објективно искажување на податоците, како и на потврдување на целосноста и сеопфатноста на позициите во Биланс на состојба на ден 31 декември.

**Препорака:**

Одговорното лице на Универзитетска клиника да:

- Преземе мерки за правилно организирање и вршење на попис, со која ќе се надминат утврдените слабости и ќе се потврди вредноста на искажаните билансни позиции и
- Преземе мерки за наплата на ненаплатените побарувања.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

.

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.2. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар Скопје, на ден 31.12.2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.1. и 4.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар Скопје, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет

6.1. Врз основа на склучени договори за дело исплатени се средства во износ од 9.299 илјади денари. Заради континуирано вршење на здравствената заштита а поради недостаток од персонал, Универзитетската клиника ангажира лица за вршење на здравствени услуги, одржување и сервисирање, административни работници преку авторско правна агенција. Меѓусебните односи се утврдени со договор за дело а месечниот надоместок е утврден со Одлука на УО и во зависност од услугите се движи од 6 до 12 илјади денари. Имајќи предвид дека согласно член 252 од Законот за работни односи како и одредбите од Законот за агенција за привремени вработувања, работодавачот може со определено лице да склучи договор за вршење на работи кои се надвор од дејноста на работодавачот, а кои имаат за предмет самостојна изработка или поправка на определени предмети, самостојно извршување на физички или интелектуални работи, ревизијата констатира дека лицата се ангажирани спротивно на одредбите на наведените Закони. Меѓутоа Универзитетската клиника постојано се соочува со проблемот на недостаток од персонал за обезбедување на континуирана медицинска заштита кој не може да го реши бидејќи и покрај благовременото известување за истото, од Министерството за здравство не се добива согласност за вработување.

Наведената состојба не е во прилог на двете страни, ниту за Универзитетската клиника, ниту на овој вид на вработени, кои на овој начин не го остваруваат законското право за задолжително здравствено и пензиско осигурување.

6.2. Согласно Законот за здравствена заштита со Здравствените установи управува управен орган, а орган на раководење е директорот. Ревизијата констатира дека со Одлука на Влада на РМ број 51-4511/1 од 31.07.2010 година за основање на Универзитетската клиника, именуван е вршител на должност - директор од областа на медицината. Но, и покрај тоа што Управниот одбор на Универзитетска клиника согласно член 108 од Законот за здравствена заштита, во Февруари 2011 година донел Одлука за објавување на конкурс за избор на

директор, и објавил јавен конкурс за именување на директор, а целокупната документација пристигната од пријавените кандидати ја доставил до Министерот за здравство, Министерот за здравство до денот на ревизијата не донел решение за негово именување.
Врз основа на изнесеното Универзитетска клиника од основање функционира со еден директор и тоа вршител на должност, што не е во согласност со член 105 од Законот за здравствена заштита, каде е предвидено на универзитетските клиники да се именуваат двајца директори и тоа организациски и медицински директор.

6.3. Ревизијата смета за неопходно да истакне дека:

- Бројот на пациенти во Универзитетската клиника во 2012 година во однос на 2011 година е намален за околу 20%. Во 2013 година, според податоците добиени до ноември 2013 година, овој број се зголемува во однос на 2012 година. Бројот на вработени пак во текот на овој период речиси е непроменет. (графикон број 1)




графикон број 1

Од страна на ревизијата е побарана листа на пациенти кои чекаат на здравствени интервенции/операции, особено во делот на ортопедија. До денот на ревизијата не е добиен одговор, односно информација од одговорните лица,

со што ревизијата не обезбеди доказ дека бројот на извршените операции реално ја отсликува потребата на пациентите на годишно ниво.

- Клиниката добива поголем надомест од Фондот од реално извршените здравствени услуги, така што во 2011 и 2012 година фактурираниот износ за извршените здравствени услуги е за 4% односно 15 % помал од добиениот надомест од Фондот. Независно што реализацијата е намалена, останува потребата на средствата во висина на исплатените од Фондот, заради фактот што во структурата на трошоците за нејзиното редовно работење со најголем процент (околу 51%) учествуваат трошоците за исплата на плати и надоместоци на вработените, трошоците за комунални услуги со околу 4%, трошоците за набавка на лекови и медицински материјали опфаќаат околу 32%, а 13%се однесуваат за подмирување на остнатите трошоци.

Доколку кон ова се вклучат достасаните а неплатени обврски спрема добавувачите (како идни трошоци), постои ризик од продлабочување на разликата меѓу добиениот( потребниот) надомест и фактурираниот износ за извршените здравствени услуги. Имено, со ноември 2013 година според податоците добиени од Клиниката, фактурираниот износ за извршените здравствени услуги е за 17% помал од добиениот надомест од Фондот за овој период. Овие обврски бележат зголемување за 48% во 2013 година во однос на 2011 година, и тоа пред се по основ на зголемени обврски за извршени услуги од другите клиники. (графикон број 2).

Покрај намалениот број на пациенти, наведено во претходниот дел од текстот, причина за негативната разлика меѓу фактурираниот износ за извршените здравствени услуги од Универзитетската клиника и добиениот надомест од Фондот е и воведувањето на новиот механизам за евидентирање и финансирање на болничките услуги наречен Дијагностичко сродни групи (ДСГ пакети). Според евиденцијата на Клиниката во 2012 на Фондот, фактурираниот износ по овој механизам е 212.632 илјади денари, додека според калкулацијата што ја има направено Клиниката применувајќи го ценовникот од 1992 година, фактурираниот износ за истите здравствени услуги би бил поголем за околу 35%, односно трошоците би биле во износ од 325.624 илјади денари.

во илјади (000)




графикон број 2

## 7. Системски слабости

Согласно одредбите од член 54 од Законот за здравствено осигурување, Фондот ги утврдува референтните цени за здравствените услуги, лековите, медицинските помагала, опремата, протезите, ортопедските и други помагала и потрошните материјали кои се користат во здравствената заштита на осигурените лица што Фондот ги надоместува, а на кој министерот за здравство дава согласност.

Фондот, нема утврдено референтни цени за специфичниот вграден медицински материјал/остеосинтетски материјал и протезите кои ги користи Универзитетската клиника. Исто така, со новиот начин на евидентирање и финансирање на болничките услуги наречен Дијагностичко сродни групи (ДСГ пакети), цената на пакетот утврдена од Фондот е дадена во вкупен износ (не поединечно како трошоци за услуги, лекови, потрошен материјал, вграден остеосинтетски материјал, протези и сл.)

Со увид на 14 ДСГГ пакети (од вкупно 154 кои се однесуваат за Клиниката ), по основ на кои во 2012 година Универзитетската клиника фактурирала кон Фондот околу 58% од извршените болнички услуги се врз основа на ДСГ пакети, ревизијата констатира:

- Од една страна, при формирање на ДСГ пакетите предложените цени од Клиниката во просек се за околу 55 % повисоки од цените на овие ДСГ пакети од утврдените од страна на Фондот,
- Од друга страна, во предложените ДСГ пакети (дадени поединечно), цената на специфичниот вграден медицински материјал/остеосинтетски и протезите учествува во просек со околу 38 % во предложената цена по пакет.

Од претходно наведеното, произлегува потребата од утврдување на референтните цени на специфичниот вграден медицински материјал/остеосинтетски и протезите кои ги користи Универзитетската клиника и други здравствени установи како основ за споредба при набавка на истите.

Со измените на Законот за здравствено осигурување, со одредбите од членот 54 од овој закон е пропишано Фондот да ги утврдува само референтните цени на здравствените услуги, лековите, ортопедските и други помагала, кои Фондот ги надоместува, а на кои министерот за здравство дава согласност, но не и референтните цени на специфичниот вграден медицински материјал/остеосинтетски и протезите.

**ЈЗИ УК ЗА ТРАУМАТОЛОГИЈА, ОРТОПЕДСКИ БОЛЕСТИ, АНЕСТЕЗИЈА, РЕАНИМАЦИЈА И ИНТЕНЗИВНО ЛЕКУВАЊЕ И УРГЕНТЕН ЦЕНТАР**
**Сметка за средства од Фондот**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 296,776 | 297,658 |
| **Вкупно приходи** | **296,776** | **297,658** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 182,952 | 182,715 |
| Стоки и услуги | 113,593 | 114,891 |
| Каматни плаќања | 1 | 17 |
| **Вкупно тековни расходи** | **296,546** | **297,623** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 230 | 35 |
| **Вкупно капитални расходи** | **230** | **35** |
| **Вкупно расходи** | **296,776** | **297,658** |

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

___________________

___________________

___________________

___________________

## ЈЗИ УК ЗА ТРАУМАТОЛОГИЈА, ОРТОПЕДСКИ БОЛЕСТИ, АНЕСТЕЗИЈА, РЕАНИМАЦИЈА И ИНТЕНЗИВНО ЛЕКУВАЊЕ И УРГЕНТЕН ЦЕНТАР

**Сметка за средства од Фондот**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Финансиски и пресметковни односи | 22 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 214,427 | 172,904 |
| Залихи | 32,842 | 18,504 |
| **Вкупно тековни средства** | **247,291** | **191,408** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 39 | 36 |
| Материјални добра и природни богатства | 62,997 | 62,997 |
| Материјални средства | 198,473 | 202,717 |
| Долгорочни кредити и позајмици | 9 | 9 |
| **Вкупно постојани средства** | **261,518** | **265,759** |
| **Вкупна актива** | **508,809** | **457,167** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 200,073 | 157,606 |
| Краткорочни финансиски обврски | 1,482 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 12,873 | 15,298 |
| Пасивни временски разграничувања | 22 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | **214,450** | **172,904** |
| Извори на капитални средства | 294,359 | 284,263 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **294,359** | **284,263** |
| **Вкупна пасива** | **508,809** | **457,167** |

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

____________________

____________________

____________________

________________

## ЈЗИ УК ЗА ТРАУМАТОЛОГИЈА, ОРТОПЕДСКИ БОЛЕСТИ, АНЕСТЕЗИЈА, РЕАНИМАЦИЈА И ИНТЕНЗИВНО ЛЕКУВАЊЕ И УРГЕНТЕН ЦЕНТАР

**Сметка за средства од Фондот**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2012 година** | **265,759** | **18,504** | **284,263** |
| **Зголемување по основ на:** | **37,371** | **142,590** | **179,961** |
| Набавки | 6,998 | 142,590 | **149,588** |
| Донации | 3,726 | | **3,726** |
| Пренос помеѓу клиниките при спојувањето | 4,833 | | **4,834** |
| Ревалоризација на капитални средства | 21,814 | | **21,814** |
| **Намалување по основ на:** | **41,613** | **128,252** | **169,865** |
| Преотстапени без надомест | 8,719 | | |
| Ревалоризација | 12,483 | | **12,483** |
| Амортизација | 20,411 | | **20,411** |
| Потрошок на материјали | | 128,252 | |
| **Состојба 31.12.2012 година** | **261,517** | **32,842** | **294,359** |

ЈЗУ УК ЗА ТРАУМАТОЛОГИЈА, ОРТОПЕДСКИ БОЛЕСТИ, АНЕСТЕЗИЈА РЕАНИМАЦИЈА, ИНТЕНЗИВНО ЛЕКУВАЊЕ И УРГЕНТЕН ЦЕНТАР СКОПЈЕ
Водњанска 17 тел.факс ++389(02)3110532
E-mail: jzuuktoarilucskopje@gmail.com

**До**
**Државен завод за ревизија**
**ул. Македонија 12/3**
**1000 Скопје**
**Р.Македонија**

Република Македонија
ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ТРАУМАТОЛОГИЈА, ОРТОПЕДСКИ БОЛЕСТИ, АНЕСТЕЗИЈА, РЕАНИМАЦИЈА И ИНТЕНЗИВНО ЛЕКУВАЊЕ И УРГЕНТЕН ЦЕНТАР
Бр. 03-34/2
06-02-2014 год.
СКОПЈЕ

10.02.2014
27-182/1

**Предмет:** Забелешки по однос на Нацрт извештаите на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиките извештаи за 2012 година

Во врска со Нацрт извештаите на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на услогласеност на ЈЗУ УК за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар за 2012 година би сакале да ги изнесеме следниве забелешки по нацрт извештајот-сметка за средства од фондот:

- Во т.4.1.1. на страна7 констатирано е дека Универзитетската Клиника е организирана и функционира врз основа на **неважечки акти** за внатрешна организација, а се мисли на актите за внатрешна организација и систематизација на ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ЈЗУ Клиника за ортопедски болеси и ЈЗУ КАРИЛ. Констатацијата дека цитираните акти се неважечки, не е точна. Цитираните акти се во сила. Имено согласно со чл.9 ст. 2 од Одлуката за спојување бр.51-4511/1 од 31.07.2010 донесена од Владата на РМ, до донесување на општи акти на ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар Скопје, ќе се применуваат општите акти на јавните здравствени установи од чл.1 ст.1 на оваа одлука.
  ПРИЛОГ: Одлука бр.51-4511/1 од 31.07.2010г. донесена од Владата на РМ

- Во т.6.3 на страна 13 е констатирано дека е побарана листа на пациенти кои чекаат здравствена интервенција , но истата не е добиена. Согласно со чл.39 ст.2 од Законот за здравтвената заштита / Сл.весник на РМ бр.43/12 / листата на закажани прегледи и интервенции се води на веб апликација, администрирана од страна на МЗ и тоа како електронска листа на закажани прегледи и интервенции; согласно ст.3 министерот за здравство ја пропишува содржината на податоците што се водат во електронската листа; согласно ст.4 здравствената установа е должна електронската листа на закажани прегледи и интервенции да ја води во форма на веб апликација администрирана од МЗ и истата да ја објавува. Бидејќи МЗ не создаде објективни претпоставки за водење на електронски листи на

чекање / не е креирана веб апликација, не е донесен подзаконски акт/, Универзитетската клиника води листа на чекање во хартиена форма од која многу тешко се генерираат податоци.

Министерството за здравство до денес нема изготвено соодветна апликација за електронска листа на закажани интервенции, и нема донесено правилник.

- Во точка 4.2.1, стр.9 по однос на зголемена контрола при управување и користење на потрошокот на лековите и медицинските материјали во Организационите единици евиденцијата е организирана преку аптечна книга со која се врши задолжување на одделенијата во рамки на ОЕ додека потрошокот по пациенти се врши преку терапевски листи кои се составен дел од историјата на пациентот. Користењето на компјутерската евиденција во сите одделенија во рамки на ОЕ секако ќе ја олесни контролата на потрошокот и во рамки на организационите единици преку одделенијата за што Универзитетскава клиникава по конституирање на Управниот одбор како што впрочем е наведено и од Ваша страна во Нацрт извештаите во точка 4.1.2, ќе пристапи кон реализирање и на оваа активност преку набавка на дополнителна компјутерска опрема и доумрежување на потребните работните места во насока на спроведување на горенаведеното.

- Во точка 4.2.2. стр.10 е констатирано дека во пописниот елаборат не е наведено каде се вложени здружените средства и за каков вид на вложувања се работи. Со оглед на тоа дека истите во износ од 9.355 денари се превземени со трансформација на ЈЗО Клинички центар во 2007 година од страна на Организационите единици во состав на Универзитетскава клиника без податок за тоа каде и за каков вид на вложување се работи, по наше обраќање до ЈУ од областа на здравството за потребите на ЈЗУ УК, завод и ургентен центар, како правен следбеник на ЈЗО Клинички центар добиен е податок согласно допис од Централен депозитар за хартии од вредност дека ЈЗО Клинички центар од 2006 година не е повеќе акционер а со тоа и нашата Клиника.

  Потребните активности во сметководствената евиденција Клиникава ќе ги спроведе по конституирање на Управниот одбор на истата.

  ПРИЛОГ: Одговор од ЈУ од областа на здравството за потребите на ЈЗУ УК, завод и ургентен центар со прилози

Со почит,

в.д. Директор

прим. д-р Реџеп Селмани м-р сци.

**Прилог број 2**

## ОДГОВОР

**на забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

На 10.02.2014 година добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар - Скопје (во натамошниот текст Универзитетска клиника) на сметката за средства од Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2012 година, од страна на законскиот застапник, Прим. Д-р Реџеп Сељмани, в.д. директор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 27 – 182/1.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.1.** од Нацрт извештајот која се однесува на состојбата во која Универзитетската клиника е организирана и функционира врз основа на неважечки акти за внатрешна организација, што влијае врз донесување на одлуки и склучување на договори со вработените, **не се прифаќа**. Имено, според одредбите од член 9 од Одлуката за спојување на јавните здравствени установи Универзитетска клиника за трауматологија, Универзитетска клиника за ортопедски блести, Универзитетска клиника за анестезија, реанимација и интензивно лекување и Ургентен центар, во јавна здравствена установа Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и Ургентен центар, статутот на наведената клиника треба да се донесе во рок од 30 дена од денот на именувањето на членовите на органот на управување. До донесување на статутот и општите акти на Универзитетската клиника, ќе се применуваат статутите и општите акти на јавните здравствени установи кои се вклучени во формирањето на предметната клиника. Статутот на Универзитетската клиника е донесен во октомври 2010 година, и според одредбите од член 57 во рок од 3 месеци од денот на влегувањето во сила на овој статут треба да се донесат сите општи акти на Универзитетската клиника.
   Врз основа на изнесеното произлегува констатацијата дека сите законски пропишани рокови за донесување на општите акти се поминати, а Универзитетската клиника и понатаму, односно во 2012 година функционира врз основа на општи акти кои се однесуваат на јавни здравствени установи кои повеќе не постојат.

2. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.1.** од Нацрт извештајот која се однесува на констатацијата дека Универзитетската клиника нема воспоставено евиденција за лековите и медицинските материјали по одделенија во рамки на организациони единици и нема евиденција за потрошокот на лековите и медицинските материјали по пациенти, според содржината претставува **известување** дека ќе се воспостави компјутерска евиденција во сите одделенија во рамките на организационите единици и ќе се подобри контролата на потрошокот. Според забелешката, примената на препораката ќе се спроведе по конституирање на Управниот одбор на Универзитетската клиника.

3. Забелешката на **точката 4.2.2.** од Нацрт извештајот, а која се однесува на констатацијата дека во пописниот елаборат не е наведено каде се вложени здружените средства и за каков вид на вложувања се работи, според содржината претставува **известување** дека според дописот од Централниот регистар за хартии од вредност, Универзитетската клиника не е акционер, односно сопственик на наведените вложени здружени средства. Според забелешката потребните корекции во сметководствената евиденција Универзитетската клиника ќе ги спроведе по конституирањето на Управниот одбор.

4. Забелешката на констатираната состојба во **точката 6.3.** која се однесува на констатацијата дека до денот на ревизијата не е добиена листа на пациенти кои чекаат на здравствени интервенции/операции, особено во делот на ортопедија, со што ревизијата не обезбеди доказ дека бројот на извршените операции реално ја отсликува потребата на пациентите на годишно ниво, според содржината претставува **известување** според кое Министерството за здравство нема изготвено апликација за електронска листа на закажани прегледи и интервенции за потребите на Универзитетската клиника, како и коментар дека од листата на чекање во хартиена форма многу тешко се генерираат податоци.

   Ревизорите имаа за потреба да добијат податоци за пациенти кои чекаат на здравствени интервенции/операции, особено во делот на ортопедија, независно дали истите податоци ќе бидат во хартиена форма или во електронска форма на веб апликација, особено заради фактот што примената на електронската листа на закажани прегледи и интервенции во форма на веб апликација е спроведена во текот на 2013 година.